Адвентистичка мисија

# Вести од светот
## ЗА МЛАДИ И ВОЗРАСНИ

2024 • **ПРВО ТРИМЕСЕЧЈЕ** • ЈУЖНОАЗИСКА ДИВИЗИЈА (YAD)





AdventistMission.org

# Содржина

**На насловната страница:** Натан копнеел да направи нешто за Бога откако ја прочитал мисионската сторија во списанието. Тој се молел и Бог му отворил широка врата. Можете да ја прочитате оваа сторија на 31-та страница од вашето списание.


## ЈУЖНА ИНДИЈА

**4** Добар темел | 6 јануари T

## ЦЕНТРАЛНА ИНДИЈА

**6** Неочекувано образование | 13 јануари T

**8** Фудбал во сабота | 20 јануари T

## ЈУЖНОЦЕНТРАЛНА ИНДИЈА

**11** Евангелието предизвикува морници | 27 јануари

**13** Преобразување на домот 3 февруари T

**15** Скапа шолја чај | 10 февруари T

## НЕПАЛ

**18** Среќна вдовица без деца | 17 февруари

**20** Исус ме допре | 24 февруари

**22** Чекајќи го денот | 2 март

## ЈУЖНА ИНДИЈА

**24** Зачудувачки глас | 9 март T

## СЕВЕРОИСТОЧНА ИНДИЈА

**26** Бог кој недостасува | 16 март T

29 Радост поради животот | 23 март

**31** Програма на 13. сабота: Тинејџер со мисија | 30 март T

34 Идни проекти на 13. сабота


























T = *Искуства кои се посебно интересни за тинејџерите*

Seventh-day Adventist Church

© 2024 General Conference of Seventh-day Adventists® • All rights reserved
12501 Old Columbia Pike, Silver Spring, MD 20904-6601
1-800-648-5824 • AdventistMission.org

# Драги водачи на саботната школа,

*Ендрју Мекчизни*
*Уредник на списанието*



Дали сакате да дознаете повеќе информации за ова тримесечје? Читајте го вашето мисионско списание со водич за проучување на Библијата за возрасни.

Водичот за проучување на Библијата за возрасни има посебен фокус на мисијата во првото тримесечје од 2024 година. Библиските лекции ги напишале директорите на глобалниот мисионски центар (globalmissioncenters.org), кои се дел од уредувачкиот оддел на вашето мисионско списание. Клучен елемент на секое седмично проучување на Библијата се наоѓа на страничната лента што ја следи секоја седмична мисонска сторија.

Ова тримесечје ќе се фокусираме на Јужноазиската дивизија (ЈАД), која вклучува 4 држави: Бутан, Индија, Малдиви и Непал.

Во оваа дивизија живеат 1,4 милијарди луѓе, вклучувајќи 1,1 милион членови на Христијанската адвентистичка црква. Ова претставува соодност од 1 адвентист на секои 1.246 луѓе.

Да се досегнат 1,4 милијарди луѓе со евангелската порака е огромен предизвик, кој може да биде исполнет само со Божја помош. Како дел од напорите за својата мисија, ЈАД избра 10 проекти кои ќе добијат финансирање на 13-та сабота од ова тримесечје.

Вашата поддршка за мисионството е многу важна за единството на црквата.

Ви благодариме што им помагате на членовите на вашата саботношколска класа да се запознаат со своите духовни браќа и сестри ширум светот и што ги охрабрувате да учествуваат во мисијата на црквата преку нивните дарови.

Да се здружиме исполнувајќи го Исусовиот налог: „ Така одејќи, направете ги сите народи Мои ученици, крштавајќи ги во името на Таткото и Синот и Светиот Дух! Учејќи ги да пазат сè што Сум ви заповедал! И еве, Јас Сум со вас во сите дни до свршетокот на светот. Амин!“ (Матеј 28,19-20)

Од дното на моето срце, ви посакувам изобилство Божји благослови!

## Можности

**Даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за 10 проекти на Јужноазиската дивизија:**

- Изградба на училници и лаборатории во училиштето Палакад, Индија
- Изградба на црква за англиското јазично подрачје на адвентистичкиот колеџ Ловри во Бенгалур, Индија.
- Изградба на црковна зграда во Бенгалур, Индија.
- Изградба на основно училиште во Аурангабад, Индија.
- Изградба на блок женски студентски спални соби во школата Танџавур во Индија.
- Изградба на блок женски студентски спални соби и сала за детски приредби во школата Пасигат во Индија.
- Реконструкција на црковната зграда, конференцискиот центар, трпезаријата во младинскиот центар Мангинапуди во Индија.
- Реконструкција на училишната зграда „Ани“ во Индија.
- Изградба на училници за школата Намунагар на Адаманските Острови во Индија.
- Изградба на училници и административна зграда за школата во Непал.



# Добар темел

Симон

ИНДИЈА | 6 јануари 2024

Симон сакал да гледа атлетика. Посебно ги сакал трките. Му се восхитувал на Усеин Болт, спринтер од Јамајка кој бил познат како најбрзиот човек на планетата.

Симон се сетил на една од изјавите на Болт што ги слушнал на телевизија. „Четири години тренирав за да трчам помалку од 9 секунди на 100 метри.

Симон бил восхитен како еден врвен спортист е подготвен да тренира со години, само за да трча неколку секунди на натпревари. Тој сфатил дека тренингот е, всушност, најважниот дел од подготовката на секој тркач.

Родителите на Симон исто така увиделе дека тренирањето е многу важен дел од подготовката за животната трка.

Таткото на Симон сакал неговиот син да посетува адвентистичко училиште во нивниот град Ана.

„Симон има 5 години“, му рекол на својот брат. „Што мислиш, во кое училиште да го запишам?

„Запиши го во блиското училиште, тоа е поблиску до вашиот дом од кое било друго училиште“, одговорил братот.

Училиштето било оддалечено 10 минути пешачење од нивниот дом. Така, Симон бил запишан во локалното адвентистичко училиште.

На првиот училиштен ден, Симон не сакал да оди на училиште. Цело време плачел, додека мајка му пешки го водела до училиштето. Пристигнувајќи таму, таа го оставила. Тој се исплашил и плачел кога мајка му ја напуштила просторијата во којашто се наоѓал тој.

Но, солзите набрзо пресушиле, кога наставничката му пристапила, запознавајќи го со другите деца. Децата набрзо почнале заедно да пеат песни за Исус. Наставничката читала приказни од Библијата. Симон ги засакал песните и библиските приказни.

По кратко време, почнал да се дружи со останатите деца. Тој бил среќен што можел да си разговара со нив и заедно да учат песни и цитати од Библијата.

Првата учебна година поминала, а по неа почнале да прелетуваат и останатите учебни години. На училиште научил да биде чесен, љубезен, секогаш готов да помогне, трудејќи се да биде сличен на Исуса, како што е опишан во Библијата.

Сакал да се трка со другите деца.

Еден ден, наставничката им рекла на учениците: „Трчајте, бидејќи тоа е добро за вашето здравје“.

Симон решил да трча секој ден. Наместо да оди пеш до училиште, тој трчал. Често се тркал со своите другари кој прв ќе стигне на училиште. Понекогаш одел од дома до училиште подоцна, за да се принуди

себеси да трча, за да не задоцни на часовите.

По наставата, тој често одел со другите деца во блискиот парк и таму трчал. Момчињата трчале 5-10 минути, потоа одмореле, па пак трчале. На тој начин тие вежбале 30 минути.

Кога почнал да трча, било тешко. Сепак, по некое време, станувало сè полесно и полесно. По неколку месеци секојдневно трчање, тој воопшто не се заморувал. Се чувствувал добро по вежбањето. Расположението му се подобрило, а увидел и дека е порасположен да работи по дома, да учи и да ги извршува домашните задачи.

Симон научил еден важен принцип за физичките вежби. Елена Вајт вели: „Вашите мускули се создадени за употреба, а не за да бидат неактивни. Ако вежбате редовно, вашите мисли ќе бидат избалансирани, ќе тежнеат кон повозвишен карактер, а вашиот сон ќе биде поприроден и поздрав. ... Вашите мисли за светата вистина би биле појасни, а моралните сили поизразени" *(Сведоштва за црквата, книга 3, стр. 235)*.

Наскоро, Симон го завршил основното училиште.

Денеска тој има 21 година и студира. Вели дека адвентистичкото основно училиште му дало добра основа во животот. Научил да трча. Го запознал Исуса, стекнал добро образование.

„Преку ова училиште Господ ми помогна да станам човек со морал и достоинство."

Дел од даровите на 13-та сабота од ова тримесечје ќе бидат употре-

## Во врска со искуството

- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq)bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги објавите за мисијата и важните факти од Јужноазиската дивизија:bit.ly/sud-2024.
- Оваа мисионска сторија ги прикажува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам" зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединци и на семејства со помош на духовни материјали. Мисионската цел бр. 6 зборува за „зголемување на приставот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности." Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да им дадат пример на другите за библискиот поглед на свет." Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам" на: IWillGo2020.org.

## Мисионски факти

- Индија има 4.537 цркви, 4.692 верски групи и 1.145.399 членови. Во популација од 1.241.267.000, тоа е еден адвентист на секои 1.084 луѓе.
- Територијата на Индија, Бурма и Цејлон функционирала како индиска мисија од 1895 г., кога мисионскиот одборот на Генералната конференција го испратил Д. А. Робинсон како прв издржуван работник и го назначил за надзорник на мисионското дело на тој простор.
- Јужноазиската дивизија (SUD) првпат била организирана во 1910 г. како мисија на Индиската унија, а во 1920 г. станала Јужноазиска дивизија.
- Џералд Кристо станал првиот претседател на дивизијата од 1980 до 1990 г.
- Издавачката куќа Ориентал Вочмен (Ориентален стражар), единствената издавачка куќа во оваа дивизија, се наоѓа во Солсбери Парк во Пуна и печати материјал на дваесет јазици.

бени за изградба на школска зграда за 450 деца кои ќе се школуваат во адвентистичкото училиште во Ана, Индија. Децата моментално се школуваат во стара зграда изградена од германски мисионери во 1976 год.

Ви благодариме што планирате да издвоите и да принесете великодушни дарови во сабота, на 30 март.



# Неочекувано образование

**Абишек**

ИНДИЈА | 13 јануари 2024

Абишек имал три години кога неговите родители почнале да размислуваат за неговото идно образование и побарале училиште во централна Индија.

Таткото ги прашал своите пријатели за да му препорачаат добро училиште, чија школарина не била многу висока.

Мајката се распрашала кај пријателките. Родителите биле решени во својата намера на својот син да му дадат добро образование.

Некој им го предложил адвентистичко училиште кое се наоѓало во близина на нивниот дом. Таткото и мајката не чекале долго.

Следното утро се упатиле кон училиштето.

Било сабота и очекувале училиштето да биде отворено.

„Ве молам, одведете нè кај директорот на училиштето“, го замолил таткото чуварот кој стоел пред влезот на училиштето.

Чуварот ги одвел таткото и мајката до црквата, која се наоѓала веднаш покрај самото училиште.

Тие биле изненадени кога виделе луѓе во црквата на богослужение. Сфатиле дека училиштето е затворено, но не сакале да си одат.

Влегле во црквата, седнале на местата каде што ги упатил редарот и чекале.

Саботното богослужение било во тек. Многу јазици се во употреба во Индија, но црковната служба била на нивниот мајчин јазик. Тие можеле да разберат сè што било кажано.

Набргу дошло време за проповедта, пасторот станал да проповеда. Тој проповедал за саботата.

Таткото и мајката повторно се изненадиле. Тие биле христијани, но никогаш порано не слушнале дека Библијата зборува за тоа дека саботата е седмиот ден од седмицата. Одеднаш сфатиле зошто училиштето е затворено. Училиштето го следело библиското учење да не се работи во седмиот ден, сабота. Сакале да дознаат повеќе за тоа.

По богослужението, тие го замолиле пасторот да им објасни малку подетално за тоа што кажува Библијата за саботата. Пасторот ја повикал оваа брачна двојка да ги проучува библиските вистини со него.

Додека таткото и мајката ја проучувале Библијата со пасторот, Абишек тргнал во црковната градинка, која се наоѓала во истиот кампус. И Тој ги запознавал библиските вистини. Воспитувачките секој ден раскажувале приказни од Библијата.

На Абишек особено му се допаднала приказната за Давид и Голијат. Му се допаднало како едно младо момче победило џин со само еден камен, затоа што го бранел Божјото име во таа борба.

Давид рекол: *„Давид му одговори на Филистеецот: 'Ти доаѓаш против мене со меч, со копје и со штит, а јас одам против тебе во името на Господа на Силите, Бога на Израелевите чети, кои ти ги предизвика"* (1. Самоилова 17,45).

Иако бил мало момче, Абишек решил и тој да чекори во Господово име во својот живот. Иако бил мал, знаел дека Бог ќе му биде помошник во искушенијата со кои ќе се соочува во животот.

Како што Абишек и неговите родители ја запознавале Божјата реч, така нивниот живот почнал да се менува и во домот. Семејството почнало да ја празнува саботата. Наскоро таткото и мајката му го предале своето срце на Исуса.

Како што растел Абишек, сè повеќе се вклучувал во црковните активности. Тој бил како пророкот Самуил додека бил дете, среќен да прави сè што ќе му кажат да прави за црквата. Им помагал на ѓаконите во нивната работа, се грижел за редот во црквата, ги собирал песнарките и Библиите, а по богослужбата се грижел за техничката опрема.

## Во врска со искуството

- Управата на адвентистичка црковна област во Северна Махараштра спонзорира школарина за децата во адвентистичкото училиште, со што овозможува квалитетно образование за многубројните деца.
- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq)bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги објавите за мисијата и важните факти од Јужноазиската дивизија:bit.ly/sud-2024.
- Оваа мисионска сторија ги прикажува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам" зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединци и на семејства со помош на духовни материјали. Мисионската цел бр. 6 зборува за „зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности." Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го ставаат Бога на прво место во нивниот живот и да им дадат пример на другите за библискиот поглед на свет." Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам" на: IWillGo2020.org.

## Мисионски факти

- Адвентистичкиот универзитет Спајсер (поранешен Меморијален колеџ Спајсер) е главната образовна институција на оваа дивизија од 1937 г., преселувајќи се од Бангалор во неговата сегашна локација во Пуна во 1942 г.
- Според пописот од 2011 г., 79,8% од населението на Индија се хиндуисти, 14,2% муслимани и 2,3% христијани.

## Брзи факти

- Традиционалната носија за жените во Махараштра била наувари лугада, изработена од ткаенина долга 8 метри. Иако наувари лугадата излегла од мода, сарито сè уште се носи, особено за специјални пригоди, како што се свадби.

Денес, ова семејство претставува еден од столбовите на локалната адвентистичка црква. Абишек има 19 години и станал студент на теолошкиот универзитет.

„Сакам да го ширам Евангелието за Исуса и да им сведочам на луѓето дека Исус доаѓа наскоро“.

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе се употребат за изградба на средно училиште, во близина на основното училиште на Абхишек во Арангабад, Индија.

Ви благодариме што планирате да издвоите и да приложите великодушни дарови во сабота, на 30 март.



# Фудбал во сабота

**Клининг**

ИНДИЈА | 20 јануари 2024

Клининг живеел за фудбалот. Играл фудбал секогаш кога имал слободно време по наставата на училиште во неговиот роден град во североисточна Индија.

Кога се преселил во друг град за да го полага државниот испит, запознал други тинејџери кои играле фудбал во сабота и им се придружил.

Меѓутоа, Клининг се зачудил кога слушал млади луѓе како пеат песни и му се молат на Бога, од другата страна на фудбалското игралиште, додека тој играл фудбал во сабота.

Теренот за фудбал се наоѓал во близина на кампусот на адвентистичката црква, каде што се наоѓале училиштето и црквата.

Клининг пораснал во христијанско семејство. Тој посетувал христијанско училиште уште од прво одделение во основно училиште, но никогаш порано не слушнал за христијани кои ја празнуваат саботата.

Додека трчал по фудбалскиот терен, си размислувал: „Зошто овие луѓе го обожаваат Бога во сабота, а не во недела? Кои се овие луѓе?

Клининг ги положил државните испити, завршувајќи го десеттото одделение. Се пријавил за единаесетто одделение во градот каде што се подготвувал за државните испити, но бил одбиен. Разочаран, тој ги прашал своите двајца најдобри пријатели што да прави. Двете момчиња планирале да се запишат во адвентистичко училиште, кое се наоѓало во непосредна близина на фудбалското игралиште. Го охрабриле да им се придружи.

Клининг ја поднел својата апликација за запишување и таа била прифатена. Бил пресреќен.

Како што минувале месеците, тој дознал зошто овие млади пеат песни и му се молат на Бога додека тој играл фудбал во сабота.

На училиште, тој ги читал стиховите: *„И на седмиот ден Бог ги заврши Своите дела, што ги направи. И се одмори во седмиот ден од сите Свои дела, што ги направи. И Бог го благослови седмиот ден, и го освети, зашто во него се одмори од сите Свои дела, кои ги создаде Бог и ги направи“ (*1. Мојсеева 2,2-3). Откако потемелно ја прочитал Библијата, сфатил дека Бог го потсетувал својот народ да ја празнува саботата, како ден кој ќе ги потсетува на Создателот, дека е важно да се почитуваат сите заповеди од Декалогот. Тој увидел дека самиот Исус верно ја празнувал саботата додека живеел на земјата и дека никогаш не го променил празнувањето на Бога од сабота во недела.

Клининг им кажал на своите родители дека сака да оди во адвентистичка црква. Меѓутоа, неговите родители не се согласиле со таа идеја. Не сакајќи да ги разочара, тој неволно решил да не биде крстен во адвентистичката црква.

Во родното место на Клининг немало адвентистичка црква. Му недостасувале саботните богослужениja кога доаѓал дома на некој школски распуст. Тој им кажувал на своите родители, на браќата и сестрите што научил за саботата во адвентистичката школа. Меѓутоа, тие не сакале да го слушаат.

„Добро е што си ученик во адвентистичко училиште, но не треба да станеш адвентист“, му рекла мајка му.

Татко му звучел многу посериозно. „Ако одлучиш да станеш адвентист, повеќе нема да бидеш дел од ова семејство. Ќе бидеш исфрлен од семејството“.

По завршувањето на 12-тото одделение (заб. на прев. четврта година средна школа) во адвентистичката школа, Клининг се запишал на не-

## Во врска со искуството

- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq)bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги објавите за мисијата и важните факти од Јужноазиската дивизија:bit.ly/sud-2024.
- Оваа мисионска сторија ги прикажува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединци и на семејства со помош на духовни материјали. Мисионската цел бр. 6 зборува за „зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности.“ Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да им дадат пример на другите за библискиот поглед на свет.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Официјални јазици на Индија се хинди и англискиот јазик.
- Главниот град на Махараштра е Мумбаи (познат и како Бомбај), кој бил изграден на првично седум острови - островите Бомбај, Колаба, Махим, Мазагаон, Парел, Ворли и островот Старице. Мелиорацијата во деветнаесеттиот век ги обединила островите во една копнена маса.
- Крикетот е најпопуларниот спорт со најголема публика во Махараштра.

христијански колеџ во истиот град. Сепак, тој се чувствувал непријатно. Чувствувал дека не припаѓа во таквата средина. Тој копнеел да студира во христијански колеџ.

Еден ден, додека играл фудбал, добил покана од еден свој пријател, адвентист, да се приклучи на акцијата наречена „Движење на 1000 мисионери“.

Нему оваа идеја му се допаднала. Можел да биде студент и мисионер.

Набргу тој се приклучил на адвентистичката црква и поминал 8 месеци како студент мисионер, подучувајќи ги децата од пониските одделенија во основното училиште.

Неговите родители не биле задоволни од неговата одлука да стане адвентист. Но, тој повеќе не живеел во нивниот дом и малку можеле да направат за да го казнат.

Во меѓувреме, во неговото срце се појавила желбата да стане пастор. По кратко време, тој се запишал на адвентистичкиот универзитет „Спајсер“.

Денеска тој е втора година на студии. Се надева дека ќе допре до срцата на младите со помош на фудбалот.

„Мојата цел е да станам пастор. Да им сведочам на младите занимавајќи се со спортување. Би сакал да отворам фудбалска академија и да им служам на младите. Како што знаете, многу млади сакаат да играат фудбал. Преку спортот сакам да допрам до младите, да им сведочам за Исуса Христа“.

Тој изјавува дека нашол слобода и смисла во животот, следејќи ги упатствата од Библијата. Се надева дека еден ден неговото семејство ќе ја прифати и ќе ужива во истата слобода.

Апостол Јован изјавува: *„И ќе ја познаете вистината и вистината ќе ве ослободи“* (Јован 8, 32)

„Ве молам, молете се за мене додека се подготвувам за пасторската служба“.

Даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за изградба на 6 адвентистички школи, како онаа во која Клининг за прв пат во животот дознал дека седмиот ден е сабота.

Ви благодариме што планирате да издвоите и да принесете великодушни дарови во сабота, 30 март.



# Евангелието предизвикува морници



ИНДИЈА | 27 јануари 2024

**Шакунтала и Џој**

Извршната директорка на една фирма за огласување почувствувала морници на кожата на нејзините раце додека тоновите на прекрасната хорска музика допирале до нејзината канцеларија.

Тоа не било првпат да слуша музика додека работела на своето биро во рекламната агенција што ја водела во Бенгалуру, Индија.

Исто така, тоа не било прв пат да почувствува дека морници ѝ лазат на рацете поради музиката. Но, овој пат таа не можела да седи мирно.

Отишла до прозорецот на нејзината канцеларија на вториот кат за да види што се случува. Таа можела да види како влегуваат и излегуваат луѓе од една зграда од другата страна на улицата. Се прашувала што се случува во таа зграда.

Гледала во своите раце и се прашувала зошто добива морници. Таа била исполнета со силна желба да оди до зградата и со свои очи да види што се случува.

Полека, многу полека, таа излегла од нејзината деловна зграда и ја преминала улицата. Се чувствувала малку непријатно кога влегла во зградата бидејќи не познавала никого таму.

Полека, многу бавно, таа влегла на предниот влез.

„Може ли да влезам и да слушам што правите?“, прашала некој што стоел блиску до влезот.

„Влезете, повелете седнете“, учтиво рекол човекот.

Шакунтала седнала и почнала да слуша.

Хорот повеќе не пеел на музиката на оргулите. Наместо тоа, човекот пеел акапела. Кога завршил, Шакунтала смело му пристапила.

„Каде е органата?“ прашала таа. „Каде се песните од кои ми доаѓаат морници?“

Човекот се изненадил.

Таа му објаснила дека, во последните неколку седмици, секоја сабота слуша музика од нејзината канцеларија. Таа ја слушала прекрасната музика само во сабота.

Шакунтала доаѓала во црквата да слуша музика во наредните две саботи. Додека хорот пеел, таа погледнала во песнарката што ја пронашла на празното седиште до неа. Ги научила насловите на песните што правеле да се наежи. Тоа биле химните „Стариот груб крст“ и „Со мирот Господен“.

Третата сабота, таа не само што ја слушала музиката, туку останала и на проповедта во која се зборувало за Исуса.

Кога стигнала дома, помислила: „Ми се допаѓа она што го слушнав за Исус во оваа црква. Бидејќи ми се допадна, повеќе нема да чувам

## Во врска со искуството

- Шакунтала и нејзиниот син Џој денес се активни членови на црквата.
- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq)bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги објавите за мисијата и важните факти од Јужноазискaта дивизија:bit.ly/sud-2024.
- Оваа мисионска сторија ги прикажува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединци и на семејства со помош на духовни материјали. Мисионската цел бр. 6 зборува за„зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности.“ Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да им дадат пример на другите за библискиот поглед на свет.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква„Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Канада (kannada) е најраспространет и официјален јазик на сојузната држава Карнатака. Оваа држава е дом и на некои од уникатните села во Индија кои првенствено го користат санскритскиот јазик.
- Карнатака потекнува од канадските зборови кару и наду, што значи„издигната земја“.
- Бенгалур (познат и како Бангалор) е главен и најголем град на индиската држава Карнатака, со население од повеќе од 8 милиони и градско население од околу 11 милиони.
- Бангалур е дом на многу вегански ресторани и вегански активистички групи. ПЕТА (Луѓе за етички третман на животните) Индија го прогласи за најпријателски град во Индија за вегани.

слики од други богови во мојата куќа“.

Таа ги симнала сите слики и ги подарила.

Одела во црква во сабота и секогаш се наежувала додека ја слушала музиката. По некое време, пасторот ја поканил да го донесе и нејзиното семејство. „Не грижете се“, рекла таа. „Ќе дојдат.“

И дошле. Прво дошол нејзиниот син Џој, а потоа се заинтересирале и нејзините внуци. Почнала да доаѓа дури и нејзината куќна помошничка.

Откако ги проучиле библиските вистини, сите во семејството му го предале својот живот на Исуса.

Шакунтала станала активен член на црквата, а еден од нејзините внуци сега служи како пастор за млади во црквата.

Шакунтала денес има 84 години и веќе одамна е во пензија. Но, таа му останала благодарна на Бога за музиката што за првпат ја слушнала во 2005 година. Тоа ја довело кај Исуса.

„Сè уште знам да се наежам кога ќе го слушнам хорот како ги пее тие песни“, вели таа.

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе помогне да се изгради нова централна црква за областа каде што се зборува на англиски јазик во Бенгалур, каде што Шакунтала оди на богослужение во сабота.

Ви благодариме за вашите великодушни дарови на 30 март, кои ќе донесат прекрасна госпел музика - а можеби дури ќе им предизвикаат и морници - на многу луѓе во Бенгалур.



# Преобразување на домот

**Твинкли и Милинд** ИНДИЈА | 3 февруари 2024



Дали дизајнери на ентериер можат да бидат сведоци за небесната реалност? Една брачна двојка толку силно чувствувала дека е повикана да ја шират веста за Исуса преку дизајн на ентериери што ја напуштиле удобната корпоративна кариера за да започнат сопствен бизнис во Индија.

Брачната двојка Твинкл и Милинд со нетрпение почнале да работат кога го потпишале својот прв договор во еден од најголемите градови во Индија, Бенгалур.

Некои богати родители барале да ја редизајнираат спалната соба на нивниот 13-годишен син Арнав.

Додека Твинкл и Милинд ги слушале желбите на нивната мајка за тоа како треба да изгледа спалната соба, се чинело дека таа сака повеќе од редизајн. Таа барала чудо. Арнав бил хиперактивно момче, а таа се надевала дека новата спална соба ќе го смири.

Згора на тоа, шест години не можела да спие во таа спална соба, а понекогаш сакала да спие таму со својот син.

„Не можам да спијам таму“, рекла таа. „Не знам зошто.“

Твинкл и Милинд не знаеле што да прават со себе. Но, тие знаеле од каде да почнат. Тие клекнале и се помолиле на Бога.

„Драги Боже, те молам дај ни идеи за тоа кои бои да ги користиме за да ја обоиме спалната соба и како да ја украсиме за да го прославиме твоето име“, се молела Твинкл.

Тогаш парот ги замолил да излезат сите од спалната соба. Тие го изнеле креветот и ноќното шкафче на момчето. Ги отстраниле полиците со книги. Нашле слики на полиците и ги отстраниле.

Твинкл и Милинд се прашувале што да прават со сликите. Арнав и неговата мајка се поклонувале на боговите пред слики, но татко му бил атеист кој не верувал во ниту еден бог.

Кога таткото ги видел сликите како се изнесуваат од собата, рекол: „Зошто не ги завиткате тие слики во стари весници и не ги фрлите?

Твинкл и Милинд мислеле дека тоа е добра идеја. Сликите ги завиткале во стари весници и ги фрлиле.

Потоа повторно ја бојадисале просторијата. Кога завршиле, ставиле врамени слики од библиски стихови и други вдахновени мисли на ѕидовите и на ноќното шкафче. На една врамена слика пишувало: *„Ти благодарам што сум создаден толку чудесно, што се Твоите дела прекрасни. Мојата душа тоа добро го знае“*. Сликата не кажува дека цитатот потекнува од Псалм 139,14 во Библијата.

Друга врамена слика гласела: *„Имено, Негово дело сме, создадени*

## Во врска со искуството

- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq) bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги објавите за мисијата и важните факти од Јужноазиската дивизија:bit.ly/sud-2024.
- Оваа мисионска сторија ги прикажува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 1 зборува за концептот на заживување на светската мисија и жртва за мисијата како начин на живот кој ги вклучува не само пасторите туку и сите други членови на црквата, млади и стари, во радосно сведочење за Христа и создавање ученици. Целта број 5 зборува за поучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Најмалата област на Карнатака, Кодагу дала многу хокеари на трева кои ја претставувале Индија на меѓународно ниво. Годишниот хокеј фестивал Кодава е најголемиот национален хокеарски турнир во светот.
- Општеството во Индија е поделено на општествени редови, наречени касти. Вашата каста е одредена од раѓање, без речиси никаков начин да ја промените. Високите касти вклучуваат свештеници, земјопоседници и војници. На дното на општеството се „недопирливите/отфрлените“, кои немаат каста и ги работат најниско платените работи.
- Кравите се свети животни во Индија и не смеат да се повредуваат. Ним им е дозволено да шетаат по градските улици, што често предизвикува метеж во сообраќајот.
- Традиционално, браковите во Индија ги договараат постарите членови на семејствата на невестата и младоженецот, иако „љубовните спојувања“ без договор стануваат сè почеста појава во градовите.

*во Христа Исуса, за добри дела, кои Бог ги подготви однапред, за да живееме во нив“.* Цитат од Ефесјаните 2,10. На третата слика едноставно беше напишано: *„Ти си сакан“*.

Арнав и неговите родители биле воодушевени од изгледот на новата спална соба. Нешто подоцна, мајката испратила СМС со благодарност до Твинкл. „Можеме да видиме позитивни промени во однесувањето на Арнав и сега можам да влезам и да се чувствувам удобно во неговата спална соба“, напишала таа. Чувствувам мир во неговата соба“.

Таа додала дека можела да спие во таа соба за прв пат по 6 години. Твинкл и нејзиниот сопруг биле воодушевени од веста.

Библијата дава ветување: *„Така Словото што излегува од Мојата уста не се враќа при Мене без плод, туку го прави она што го сакав и ќе го изврши она заради кое го испратив“*, вели Твинкл во едно интервју, цитирајќи го Исаија 55,11.

„Секој ден кога Арнав го читаше стихот, тоа позитивно влијаеше на неговиот карактер. Од таа прва спална соба, овој брачен пар редизајнирал многу соби. Тие секогаш се молат пред да започнат нов проект и никогаш не оставаат слика од некое хиндуистичко божество во собата, дури ни како дел од декорацијата на домот. Наместо тоа, секоја соба е исполнета со библиски стихови.

Ако клиентот праша за Бога, тие го поврзуваат со пријател кој

им ги изнесува основните библиски вистини.

Твинкл мисли дека е добро да се биде во бизнис со Бога. „Во моментов нашата работа е наша мисија“, рече таа. „Влегуваме во куќите на непознати луѓе како оние кои водат кон преобразба на домот. Ние ги трансформираме домовите, не само како простор, туку и луѓето кои живеат таму. Ние само поставуваме рамки за слики, со цитати од Библијата, а Бог го прави останатото“.

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе помогнат да се изгради нова централна црква за англиското говорно подрачје Бенгалур, каде што Твинкл и Милинд одат на богослужение во сабота.

Ви благодариме за вашите великодушни дарови што ќе ги принесете на 30 март.



# Скапа шолја чај

**Теренс**

ИНДИЈА | 10 февруари 2024

Теренс останал буден цела ноќ за да заврши голема задача во обуката за медицински техничар на адвентистичкиот универзитетот Ловри во Индија.

Тој бил сместен надвор од кампусот, во куќата на неговиот пријател. Тој бил зависник од чај и го пиел топлиот пијалак цела ноќ за да остане буден.

Околу 4,30 наутро, Теренс отишол во кујната да се напие уште една шолја чај. Но, немало чај. Се прашувал што да прави. Тој се борел да остане буден и требало да ја заврши задачата.

Тогаш се сетил дека еден човек продава топол чај на некој штанд на улицата. Тој можел набрзина да отиде до продавачот на чај со моторот на својот пријател, а потоа да се врати за да ја заврши својата работа.

Неколку моменти подоцна, Теренс со татнеж брзал по главната улица со 85 км/ч. Тој возел со речиси двојно поголема брзина од 50 км/ч за мотоцикли во градот Бенгалур. Тој исто така не носел кацига.

Одеднаш до него се појавил автомобил. Возел со иста брзина, а бил преполн со млади луѓе што пиеле. Автомобилот се обидел да се доближи до Теренс и неговиот мотор. Тој се обидел да избега од нив. Младите во автомобилот се смееле и се обидувале да се приближат.

Теренс возел загрижено и почнал да свири. Млидите луѓе фрлале кон него празни лименки со пиво. Теренс почнал да се вознемирува,

## Во врска со искуството

- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq)bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги објавите за мисијата и важните факти од Јужноазиската дивизија:bit.ly/sud-2024.
- Оваа мисионска сторија ги прикажува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 5 зборува за поучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква„Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Главен град на Индија е Њу Делхи, со население од 249.998 жители, иако поголемото урбано подрачје на Делхи има население од 28.514.000 жители.
- Кари Баоли во Делхи е во функција од 17-от век и е најголемиот пазар за зачини на големо во Азија.

викајќи по нив. Младите одговориле со навреди.

Во тој момент Теренс целосно заборавил на патот. Бил лут! Неговата брзина достигнала 100 km/h. Тој не го гледал јасно патот напред. Со полна брзина прегазил лежечки полицаец на патот, ја изгубил контролата над моторот и одеднаш сè станало црно.

Во еден момент се расправал со младите од автомобилот, а веќе во следниот како некој да го исклучил светлото.

Следното нешто за што Теренс станал свесен е дека се разбудил во кревет. Тој погледнал во својот часовник. Таму пишувало 8,45 наутро. Време било да оди на настава, да ја предаде својата работа. Се обидел да стане, но телото не реагирало. Се обидел да ги повика пријателите да му помогнат, но потоа сфатил дека не е во својата соба. Погледнал наоколу, обидувајќи се да се снајде. Тој не го препознал местото. Го видел календарот закачен на ѕидот. Се сетил дека во јули работел на својот труд како медицински техничар, но календарот покажал дека е август. На ѕидот имало слика од неговите родители и брат му, но тој го препознал само својот брат. Бил дома, но не знаел.

Одеднаш во собата влегла неговата мајка. Гледајќи дека Теренс е буден, таа заплакала и го прегрнала. „Многу ми е мило што се разбуди“, рекла таа. Можел само да одговори: „Која си ти?“

Неговите зборови се забиле како нож во срцето на мајката.

Поминало една седмица пред да ги препознае своите родители. Тие и други луѓе му помогнале да се обиде да се сети и да разбере што се случило.

Ноќта кога била несреќата, пасторот на адвентистичкиот универзитет Ловри добил повик од полицаец кој едноставно рекол: „Преземете го телото“.

Бројот на пасторот бил под седиштето на позајмениот мотоцикл како контакт за итни случаи. Теренс бил толку тешко повреден што им требало време на луѓето да сфатат дека телото е негово, а не на неговиот пријател

чијшто бил моторот. Никој не знаел што се случило со пијаните млади момчиња во автомобилот.

Теренс ја изгубил свеста и со денови бил во бесознание, престојувајќи за тао време во три болници.

Неговите родители биле шокирани кога го виделе првиот пат. Немале пари ниту за неговите болнички сметки. Пријателите од адвентистичкиот универзитет Ловри им помогнале со пари и со своите молитви. Пасторот често доаѓал на гости. Помеѓу несреќата и неговото враќање на универзитетот поминале три месеци.

Денес Теренс е медицински техничар. Тој е благодарен на Бога, на неговото семејство и на многубројните пријатели на универзитетот за својата втора шанса за живот. Тој одложувал да му го предаде своето срце на Исуса, а по несреќата сфатил дека не сака повеќе да чека. „Требаше одамна да се крстам, но некако се плашев.“ вели тој. „Чувствував дека ќе морам да внимавам што и да правам, па долго се двоумев. По несреќата осетив дека не треба повеќе да чекам. Никогаш не знаеш што ќе ти се случи следно во животот“.

Тој бил крстен на универзитетот. Теренс вели дека уште една лекција што ја извлекол од несреќата била таа да престане да пие чај со теин. „Ако треба да ѝ дадам наслов на мојата приказна, би ја нарекол „Најскапиот чај во мојот живот“, кажува тој.

„Беше скапо. Тоа ме чинеше многу. Но, сега, кога гледам наназад, би рекол дека вредеше. Ми требаше лекција од Бога. Тоа требаше да ме врати на вистинскиот пат“.

Неговиот совет до другите луѓе, особено до младите, е едноставен. „Бог има план за секоја душа овде на земјата. Тој не завршил со вас додека не го каже тоа. Дури и ако чувствувате дека немате иднина, запомнете дека Тој вели во Библијата: *'Пред да те вообликувам во мајчината утроба, Јас те знаев...'*“ (Еремија 1,5 - I дел)

Постојано си го повторував овој стих за време на моето закрепнување. Бог има планови за вас да добиете благодат и милост на начини на кои никогаш не сте очекувале или за кои не сте ни размислувале“.

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе помогнат да се изгради нова централна црква за областа каде што се зборува англискиот јазик во Бенгалур, на кампусот на адвентистичкиот универзитет Ловри.

Универзитетот никогаш во својата повеќе од 100-годишна историја немал црковна зграда доволно голема за да ги прими заинтересираните студенти.

Ви благодариме што ќе принесете великодушни дарови на 30 март.



# Среќна вдовица без деца

**Ратнамаја**

НЕПАЛ | 17 февруари 2024

Ратнамаја се омажила во Непал кога имала 13 години.

Поминале многу години, а таа немала пород.

Мештаните биле нељубезни со неа и ја нарекувале со погрдни имиња. Пријателите и роднините гледале на неа како проколната. Нејзиниот сопруг ја обвинувал и пиел многу.

Ратнамаја се чувствувала многу тажно. Таа сакала да има дете повеќе од сѐ на светот. Се обидувала да забремени. Но, ништо не помогнало.

Кога се чинело дека нејзиниот живот не можел да биде полош, нејзиниот сопруг ненадејно починал.

Тагата на Ратнамаја само се множела. Сега морала да живее со двојна болка, бидејќи била бездетна и вдовица. Се чувствувала толку осамено. Гледала како други луѓе живеат среќно со своите децата и внуци.

Потоа дошла пандемијата КОВИД-19 и таа била во изолација со месеци. Постепено ја губела и волјата за живот.

Тогаш внукот свратил до нејзината мала куќа. Рестрикциите за заклучување се намалувале и тој ја повикал да ја посети неговата црква.

„Дојди во мојата црква“, рекол тој. „Ќе слушнеш многу нови работи, а можеш да добиеш и подарок.“

За време на пандемијата, црквата им делела ориз и ќебиња на сиромашните луѓе.

Ратнамаја решила да дојде.

Саботното богослужение ја изненадило. Таа пораснала во нехристијанска религија и за првпат присуствувала на христијанска програма. Особено ја привлекувале песните и чувствувала мир во срцето додека ги слушала луѓето како пеат за Исуса.

Луѓето во црквата ја поздравувале и разговарале со неа.

Била зачудена што никој не ја гледа со презир и од високо, ниту ја нарекува со погрдни имиња. Никој не ја обвинувал дека таа е виновна што е вдовица и без деца.

Наместо тоа, сите ѝ пристапувале љубезно и со многу љубов.

По таа сабота, неколку жени од црквата почнале да ја посетуваат Ратнамаја во нејзиниот дом. Ја учеле за Библијата и се молеле со неа.

Ратнамаја почнала да оди во црква секоја сабота.

Таа се чувствувала добро секогаш кога била таму и кога разговарала со луѓето. Особено се израдувала кога дознала дека Исус многу ја сака.

Таа престанала да се чувствува осамено и тажно. Во Исуса ја пронашла радоста што ѝ недостасувала цел живот.

Се чувствувала како најсреќната личност на светот!

„Господ ми го даде својот мир“,

изјавува таа. „Секогаш ќе му бидам благодарна на Бога за Неговата љубов и за сѐ што направи во мојот живот.“

Денес, Ратнамаја има 65 години и сѐ уште расте во својата христијанска вера. Никогаш не одела на училиште, па не знае ниту да чита ниту да пишува. Но, таа ја проучува Библијата со жените од црквата и слуша радиоемисии што ги емитува Адвентистичката црква на седмиот ден.

„Сакам уште повеќе да растам во Господа, затоа ги молам сите да се молат за мене“.

Еден од омилените библиски стихови на Ратнамаја е Филипјаните 4,4, каде што апостол Павле вели:

„Радувајте се секогаш во Господа! Пак велам: радувајте се!“

„Немам маж ниту деца, но не се чувствувам осамено затоа што можам да се радувам на мојот Господ и Спасител“, вели таа.

„Мојот Господ е секогаш со мене и ме сака повеќе од сѐ.“

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе помогне да се изгради основно училиште во Непал, каде што децата ќе можат да научат да читаат и да пишуваат.

Ви благодариме што планирате великодушно да го приложите својот дар на крајот од ова тримесечје, во 13-тата сабота, на 30 март.

## Во врска со искуството

- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq)bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги објавите за мисијата и важните факти од Јужноазиската дивизија:bit.ly/sud-2024.
- Оваа мисионска сторија ги прикажува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединци и на семејства со помош на духовни материјали. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Непал со години ги држел своите граници затворени за странски мисионери, па ни адвентистите не смееле да влезат. Меѓутоа, Непалците кои патувале во странство ја слушнале пораката на црквата, и по враќањето дома почнале да ја шират на своите пријатели и семејства.
- Во 1936 г. Кенет Симпсон и двајца медицински мисионери адвентисти посетиле неколку села во Непал, долж границата со Индија, и им проповедале на хинди јазик. Тоа било првпат многу од нив да слушнат за Исуса и за Библијата.
- Во 1951 г. Непал почнал да ги отвора границите за странци и туристи. Додека ги делел картичките за проучување на Библијата на границата, на пасторот Џорџ Вандеман му било кажано: „Сте задоцниле. Веќе сум до триесеттата лекција“. Испаднало дека оваа личност е една од многуте луѓе кои на овој начин ја проучувале адвентистичката порака.
- Д-р Стенли Гордон и г-ѓа Рејлин Старџес ја основале Меморијалната болница Шер во јуни 1957 година. Болницата го добила името „Шер“ по брачната двојка од Њу Џерси, која донирала пари за таа институција. Болницата била официјално отворена на 18 мај 1960 година во Банепа, на еден час возење источно од Катманду. Денес, болницата има 150 кревети, а во нејзиниот кампус се наоѓа и колеџ за медицински персонал



# Исус ме допре

**Рупамаја**

НЕПАЛ | 24 февруари 2024

Рупамаја имала многу тежок живот. Токму кога помислила дека не може да биде полошо, токму тоа и се случило.

Рупамаја е родена во семејство на „отфрлени“ од ниска каста во Непал. Жигот на нејзиното наследство значело дека таа ќе се смета за нечиста цел свој живот и ќе умре со смртта на отфрлените. Секое дете што таа би го родила, исто така би се сметало за отфрлено. Ништо не можело да ја отстрани стигмата врзана за неа. Другите секогаш би ја сметале за пониско од човек.

Како отфрлена, Рупамаја не можела да оди на училиште и никогаш не научила да чита и да пишува.

Се омажила на 14 години. Во Непал, детските бракови биле и денес сè уште се честа појава.

Брачниот живот не се подобрил. Сопругот на Рупамаја немал ништо, а тие двајцата работеле како работници за надница на туѓи полиња за да преживеат. Рупамаја родила седум деца. Таа не можела да им даде ништо. Така, кога сите станувале доволно возрасни, таа ги давала да работат и да живеат во домовите на роднините и другите луѓе.

Тогаш нејзиниот двегодишен син починал од треска.

Потоа, двајца од нејзините синови исчезнале кога ги испратила да ја посетат нејзината постара сестра во друг град. Сестра им работела во хотел и ѝ напишала на Рупамаја дека заштедила пари за семејството. Рупамаја испратила две момчиња на возраст од 11 и 13 години за да ги земат парите. Момчињата ја сретнале својата тетка и од автобусот ѝ одмавнале со рака кога тргнувале кон дома. Но, тие никогаш не стигнале дома. Некој рекол дека автобусот доживеал несреќа. Рупамаја ги барала своите синови, но не можела да ги најде.

Повторно трагедија ќе го погоди нејзиниот дом. Нејзиниот сопруг не се чувствувал добро, но семејството немало пари за лекар. Потоа умрел.

Тешко е да се припаѓа на отфрлената каста. А да се биде вдовица од отфрлена каста, тоа било уште полошо. Дури и другите од истата каста ја гледале со презир.

Како што минувале годините, Рупамаја станувала се потажна и потажна. Таа конечно престанала да работи. Бидејќи не работела, немала храна. Таа и онака не сакала да јаде. Наместо тоа, лежела в кревет, размислувајќи за својот сопруг и за трите нивни изгубени деца. Таа очајувала и не сакала повеќе да живее. Размислувала е за самоубиство.

„Зошто мајка ми ме роди?“ се прашувала. „Зошто ми се случија сите овие работи?“

Тогаш пред нејзиниот дом се појавила непозната жена. Тирта работела како волонтер за адвентистичката црква на седмиот ден, а за Рупамаја слушнала од нејзините

соседи. На жената ѝ донела храна и лекови. Таа се молела за неа.

„Зошто не дојдете во мојата црква?“, рече таа. „Ќе се молиме за вас.“

Тирта почнала редовно да ја посетува. Рупамаја со нетрпение ги очекувала посетите. Ја сакала храната, лековите и молитвите. Надежта се разгорела во нејзиното срце за прв пат по многу години. Почнала да оди во адвентистичката црква.

Осум години подоцна, Рупамаја станала член на Адвентистичката црква на седмиот ден. Таа има 65 години и живее со еден од нејзините синови и неговата сопруга. Преку нејзиното влијание, сопругата на нејзниот син неодамна се придружила на адвентистичката црква.

Рупамаја изјавила дека изгубила сè, но дека е среќна затоа што го има Исуса. Некои можеби ја избегнуваат како припадничка на кастата отфрлени, но таа е среќна затоа што нејзиното срце го допрел Исус.

„Мојот сопруг почина, еден син ми умре, а двајца исчезнаа и не знам што се случи ни по 30 години“, рече таа. „Изгубив сè, но го имам Исуса во мојот живот. Имам голема надеж дека еден ден, кога ќе дојде Исус, ќе можам да ги видам моите најблиски што ги изгубив“.

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе помогнат да се изгради училиште во Непал, каде што децата ќе можат да учат да читаат и пишуваат.

Ви благодариме што планирате великодушно да приложите ВАШИТЕ дарови во сабота на 30-ти март.

## Во врска со искуството

- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq)bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги објавите за мисијата и важните факти од Јужноазиската дивизија:bit.ly/sud-2024.
- Оваа мисионска сторија ги прикажува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединци и на семејства со помош на духовни материјали. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Непал има осум од десетте највисоки планини во светот, вклучувајќи ја и највисоката, Монт Еверест, која е висока 8.848 метри. Монт Еверест се нарекува Сагармата на непалски и Чомолунгма од локалните Шерпаси и Тибетанци.
- Непал е единствената земја во светот со знаме што не е правоаголно: две триаголни форми наредени една врз друга. Тоа е официјалното знаме на Непал од 1962 година, но неговиот основен дизајн се користи во Непал повеќе од 2.000 години.
- Непалската кујна има многу карактеристични вегетаријански јадења. Избегнувањето насилство врз сите форми на живот во бројни религиозни редови веројатно било фактор за нивниот развој.
- Шерпасите се една од тибетските етнички групи кои потекнуваат од најпланинските региони на Непал и се високо ценети како елитни планинари и експерти во нивното локално подрачје, особено за експедициите на Монт Еверест.



# Чекајќи на денот

**Сукамаја**

НЕПАЛ | 2 март 2024

Синот на Сукамаја бил радоста на нејзиниот живот. Момчето Шијам е родено набргу откако Сукамаја се омажила на 16-годишна возраст во Непал.

Но, кога Шајам имал 8 месеци, се разболел од дијареја. Сукамаја го замолила нејзиниот сопруг да го повика шаманот за помош. Во близина на нивното зафрлено планинско село немало лекар ниту болница. Секогаш кога некој ќе се разболел, мештаните би викале шаман.

„Тоа е поради лошиот дух“, рекол шаманот. „Тој е лут на твоето семејство. Мора да жртвувате свиња за да го смирите духот“.

Но, никој немал време да жртвува свиња. Додека Сукамаја и нејзиниот сопруг разговарале со шаманот, бебето починало во нејзините раце.

Шокот бил огромен. Сукамаја се онесвестила и три дена останала без свест. Кога се разбудила, одбила да јаде и да пие. Не сакала повеќе да живее.

Нејзиниот сопруг и соседите се обиделе да ја охрабрат.

„Можеби ќе имате уште еден син“, ѝ вателе тие.

Една година подоцна, Сукамаја родила ќерка. Девојчето го нарекла Шајам, слично како и нејзиниот син. Таа била среќна и гледала причина да живее. Таа морала да живее за својата ќерка.

Меѓутоа, сопругот на Сукамаја почнал да пие по смртта на нивниот син. Семејството постепено западнало во финансиски проблеми поради неговото пиење.

Во меѓувреме, Сукамаја со љубов гледала како Шајам расте и се омажила на 20-годишна возраст. Шајам се омажила со далечен роднина кој живеел во истото село.

Трагедија се случила кога Шајам била бремена со своето прво дете. Компликациите се појавиле преку ноќ. Таа имала потреба од итна медицинска помош. Во селото сѐ уште немало лекар ниту болница, па мештаните ја ставиле Шајам на импровизирана носилка и ја однеле во најблиското поголемо село. Немало патишта, а ја носеле четири часа. Во соседното село, кое имало пат, ја натовариле во амбулантно возило и ја однеле во најблискиот град каде што имало болница. Таа починала на патот до болницата.

Смртта ѝ задала тежок удар на Сукамаја. Неколку дена пиела многу со својот сопруг. Изгледало како смртта и темнината да ги опкружуваат. Оваа брачна двојка неконтролирано плачела на погребот на Шајама. Меѓу добронамерните луѓе, кои ги тешеле на погребот, бил и пасторот на адвентистичката црква. Слушнал за смртта на двете деца на брачната двојка и им дал надеж. Ја отворил својата Библија и ги

прочитал Исусовите зборови: *„Зашто Бог толку го засака светот што го даде Својот единороден Син, та секој што верува во него да не загине, туку да има вечен живот“* (Јован 3,16).

Библискиот стих ја збунил Сукамаја. Таа не можела да го разбере. Се прашувала: „Како може никогаш да не умре ако верува во Исуса?“

Гледајќи ја нејзината збунетост, пасторот нашол стихови од Лука во својата Библија и ги прочитал Исусовите зборови: *„Сите плачеа и тажеа по неа. Тој пак им рече: ‘Не плачете, зашто не е умрена, туку спие!’“ (Лука* 8,52)

Сукамаја почувствувала одредена утеха. Дали можеби нејзината ќерка Шајам само спие? Таа сакала да дознае повеќе за тоа. Неколку дена по погребот, таа го замолила пасторот да ѝ ги објасни стиховите. Пасторот почнал да ја проучува Библијата со неа.

За време на едно од тие библиски проучувања, пасторот ја прашал: „Дали сакате да ги видите вашите деца кога ќе дојде Исус?“

Очите на Сукамаја блеснале и радосно трепнале. „Да!“ извикала таа. Таа му го предала своето срце на Исуса.

Денес Сукамаја е искрен верник на адвентистичката црква. Се обидела да ја сподели својата надеж со сопругот, но тој одбил да слуша. Неговиот алкохолизам го довел до тоа тој прерано да умре.

Сукамаја сега живее сама дома, но знае дека навистина не е сама. Таа знае дека сега живее со Исуса. Таа е среќна затоа што верува дека еден ден наскоро ќе дојде Исус и ќе ги воскресне и нејзиниот син и нејзината ќерка.

## Во врска со искуството

- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq)bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги објавите за мисијата и важните факти од Јужноазиската дивизија:bit.ly/sud-2024.
- Оваа мисионска сторија ги прикажува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединци и на семејства со помош на духовни материјали. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Главен град на Непал е Катманду, дом на 3 милиони луѓе - околу 10 проценти од населението на Непал.
- Сидарта Гаутама, попознат како Буда, основачот на будизмот, е роден, според традицијата, во Лумбини, во денешен Непал, во текот на шестиот или петтиот век пр. н.е.
- Во Непал може да се најдат многу видови орхидеи и рододендрони, околу 40% од афионот Меконопсис и речиси 6.000 видови цветови.
- Дохори (што значи „дебата“) е вид на непалска народна музика што произлегува од традициите на додворување. Учествуваат две групи, обично момчиња и девојчиња во спротивни групи. Прашањата и одговорите создаваат музички разговор, кој може да трае и до една недела, во зависност од способноста за брзо размислување и духовитост на играчот.
- Гаријалот (Gavialis gangeticus) потекнува од индискиот потконтинент и е најдолгиот крокодил во светот - долг до 6 m. Има долга, тесна муцка и 110 остри, испреплетени заби. Проектот за заштита на крокодили Гариал во Непал повторно го воведува загрозениот вид крокодил во областите од кои исчезнал.

ќе ги гушнам затоа што се мои деца, мое срце", вели таа. „Една од причините зошто станав христијанка е затоа што се надевам дека ќе ги видам повторно. Го чекам тој ден".

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе помогнат да се изгради училиште каде што децата во Непал ќе можат да научат за надежта на Сукамаја во воскресението и доаѓањето на Господа Исуса.

Ви благодариме што планирате да приложите великодушни средства 13-тата сабота, на 30 март.



# Зачудувачки глас

**Рекс**

ИНДИЈА | 9 март 2024

Еден глас го разбудил таткото од попладневниот сон, во раните 1980-ти во Индија.

„Ако умреш денес, што друго би направил?" – прашал гласот.

Таткото се зачудил. Погледнал кој е со него во куќата. Погледнал таму, низ собата. Се обидел да ја види личноста која разговарала со него. Но, тој не можеше да најде никого во куќата.

Таткото бил загрижен.

„Кој зборува со мене?" викнал.

Никој не одговорил.

Стравот на таткото станал посилен. Се молел: „Господе, сакам да знам кој ми зборува."

Но, куќата останала тивка. Таткото се прашувал што да прави. Поминало околу час и половина. Тогаш слушнал тропање на вратата. Надвор стоел литературен евангелист од адвентистичката црква.

Таткото се изненадил кога го видел. Истиот човек тропнал на вратата неколку часа претходно, малку таткото да задреме. Таткото неколку минути го слушал човекот како зборува за Библијата. Но, потоа го прекинал и силно ја треснал вратата. Таткото се сметал себеси за христијанин иако никогаш не читал, па дури немал ни Библија. Но, тој немал желба да го слуша овој човек.

Меѓутоа, откако го слушнал гласот, таткото бил среќен што го видел литературниот евангелист. Тој сакал да дознае повеќе за Библијата. Бил подготвен да послуша.

Колпортерот зборувал за работи што му биле нови на таткото. Откако човекот си заминал, таткото решил сам да ја дознае вистината. Сакал да има Библија. Отишол кај својот свештеник и купил Библија. Не била евтина. Тоа го чинело таткото многу пари.

Почнал ревносно да ја чита Библијата. Додека читал, во неговиот ум се појавиле три прашања на кои

сакал одговори и решил да го праша свештеникот.

„Зошто им се поклонуваме на икони?“ го прашал. „А зошто ја празнуваме неделата?“ Свештеникот не бил задоволен од поставените прашања.

„Затоа не им даваме Библии на луѓето“, му рекол тој. Таткото не бил задоволен. Одговорот на свештеникот не го задоволил и престанал да оди во црквата на свештеникот. Наместо тоа, во недела ги носел сопругата и двата сина, кои имале 16 и 10 години, во друга црква.

По некое време, адвентистичката црква организирала серија евангелски предавања во градот, а таткото го однел своето семејство на тие предавања. Тој му ги поставил трите прашања на проповедникот и го испрашувал за обожавањето икони и за неделното богослужение.

Проповедникот му дал одговори од Библијата, а таткото, мајката и нивниот 16-годишен син набрзо се приклучиле на адвентистичката црква.

Роднините и соседите не биле задоволни. Таткото имал пет браќа и две сестри, и тие одбиле да разговараат со семејството. Сите соседи припаѓале на поранешната црква на таткото и одбиле да разговараат со новообратеното семејство. Таткото бил принуден да ја напушти работата бидејќи не можел да добие слободна сабота.

Неколку години животот бил полн со предизвици за семејството. За тоа време, таткото и мајката решиле да го извлечат својот најмлад син Рекс од државното училиште и

## Во врска со искуството

- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq)bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги објавите за мисијата и важните факти од Јужноазиската дивизија:bit.ly/sud-2024.
- Оваа мисионска сторија ги прикажува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединци и на семејства со помош на духовни материјали. Мисионската цел бр. 6 зборува за „зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности.“ Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да им дадат пример на другите за библискиот поглед на свет.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Боливуд е најголемиот светски филмски продуцент, продуцирајќи просечно 1.500–2.000 играни филмови годишно.
- Индиската железница има 1,4 милиони вработени, што ја прави најголем работодавач во светот. Секој ден, на нејзината широка мрежа се превезуваат околу 23 милиони патници.
- Бенгалскиот тигар е национално животно на Индија и е усвоен како симболично животно на Индија во 1972 година. Резерватот Корбет тигар во Утараханд и Националниот парк Бандипур во Карнатака имаат најголема популација на бенгалски тигри.
- Белите тигри можат да се најдат само меѓу бенгалските тигри.
- Индија е единствената земја во светот која има и лавови и тигри.

да го испратат во адвентистички интернат.

Рекс бил запишан во средното училиште ЕД Томас Меморијал кога имал 12 години. Таму го стекнувал своето образование во следните шест години и му го предал своето срце на Исуса. По завршувањето на училиштето, тој отишол на колеџот Спајсер, сега адвентистички универзитет Спајсер, и станал пастор.

Денес, тој е водач на Адвентистичката црква во Индија и служи како директор на Саботната школа во Унијата на југоисточна Индија.

Неговиот татко, кој во меѓувреме починал, живеел за Исуса. Ја отворил првата адвентистичка црква во својот роден град, а подоцна работел како библиски работник, основајќи дополнителни цркви, доведувајќи многу луѓе кај Христа.

Рекс е благодарен што попладневниот сон на татко му бил прекинат од глас пред повеќе од 40 години. Нему му е мило што родителите го испратиле во адвентистички интернат. Тој верува дека тие две искуства засекогаш му го промениле животот.

„Горд сум што можам да кажам дека завршив адвентистичко училиште“, изјавува тој. „Тоа училиште ме научи на вистината, а денес сум Божји слуга благодарение на тоа.“

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за реновирање на дотраените спални соби за девојчиња во училиштето на Рекс, ЕД Томас, во Тањавур, Индија.

Ви благодариме што планирате великодушно да ги приложите своите дарови 13-тата сабота на 30 март.



# Бог што недостасува

**Џарендра**

ИНДИЈА | 16 март 2024

Сите тие се познавале во малиот град во кој пораснал Џарендра, во близина на кинеската граница во североисточна Индија. И сите тие обожавале многу богови. Локалните жители обожавале богови направени од камен и дрво. Меѓу боговите го славеле и Исуса. Тие се поклонувале на сонцето и месечината. Секогаш кога некој светец имал верски празник, сите заедно славеле во храмот, во црквата или на улица.

Еден ден, 12-годишниот Царендра разгледувал една од продавниците во градот, а погледот му го привлекол прекрасен постер на Исус. На големиот постер била претставена слика на Исус кој виси на крстот. Квалитетот на постерот бил многу висок. Царендра можел да го види секој детал од сликата. Сакал да го купи и да го однесе дома.

Царендра не знаел многу за Исуса. Сè што знаел е дека Исус е Виша сила, Бог меѓу многуте богови кои се обожаваат во неговиот град.

Го купил постерот.

На враќање дома, тој се прашувал каде може да го стави преубавиот постер. Се сетил дека семејството имало посебна просторија за обожавање на боговите. Во собата, семејството имало врамени слики од бројни богови. Мајката одела во таа соба секој ден за да се поклонува и да ги бакнува сликите и статуите на боговите. И другите членови на семејството ги обожавале овие богови.

Но во таа соба немало слика од Исус. Царендра решил да го надомести овој пропуст така што на ѕидот ќе ја закачи својата нова слика од Исус.

И така, кога стигнал дома, извадил чекан и шајка од кутијата со алати на татко му. Удирал со шајка во ѕидот од собата кога влегла мајка му.

Таа се упатила кон Царендра. Без збор, му удрила шлаканица по образот. Царендра почувствувал остра болка на лицето.

„Зошто ми удри шлаканица?“, ја прашал тој. Сакал да знае зошто го казнува.

„Секако, Тој е Бог, но Тој не е наш Бог“, рекла мајката покажувајќи кон Исус. „Тргни ја таа слика.“

Царендра ја извадил шајката од ѕидот и ја тргнал сликата додека мајка му гледала. Потоа ја напуштил собата.

## Во врска со искуството

- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq)bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги објавите за мисијата и важните факти од Јужноазиската дивизија:bit.ly/sud-2024.
- Оваа мисионска приказна ги илустрира целите на дејствувањето на Светиот Дух во целиот свет. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Оваа мисионска цел ги илустрира ставовите на христијанската адвентистичка црква„да бидат поставени под водство на Светиот Дух“. За повеќе информации, одете на веб-страницата: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Калкута (позната и како Колката), на источниот брег на реката Хули, е главен град на индиската држава Западен Бенгал.
- Кога Индија стекнала независност во 1947 година, Бенгал бил поделен на два дела на религиозна основа. Индија го зазела западниот дел, кој се нарекувал Западен Бенгал. Пакистан го презел источниот дел, Источен Бенгал, кој станал независна држава Бангладеш во 1971 г.
- Националниот парк Сундарбанс е посветен на зачувување на загрозениот бенгалски тигар, како и на други загрозени видови како што се гангскиот делфин, речниот терапин и крокодилот од утоката.

Во септември 2017 година, Западен Бенгал стана 100% електрифициран, откако струјата конечно стигна до најоддалечените села во Сандербенс.

Џарендра не разбрал зошто мајка му не ја сака Исусовата слика меѓу нејзините богови. Но, тој бил сигурен дека не треба да ја фрли сликата ниту да ја стави во фиока. Чувствувал дека Исус е некој достоен за обожавање и дека треба да му се поклонува.

Го зел постерот, ја отворил вратата од собата и излегол надвор. Гледајќи во вратата, решил дека тоа би било добро место за да ја закачи прекрасната слика на Исус. Зел шајка и ја забил во горниот дел од постерот.

Повлекувајќи се назад, тој се воскитувал на својата работа. Можеби мајка му не би му дозволила да го стави Исуса меѓу боговите во просторијата за богослужба, но сега тој ќе го гледа Исуса секогаш кога влегува во просторијата за да се поклонува. Секој што ќе влезе во собата прво ќе го види Исуса.

Иако Џарендра и неговото семејство го гледале Исуса секој нов ден, самиот Џарендра не размислувал многу за Исуса — сè додека не станал многу постар. Во еден тежок период од својот живот, тој почнал да ја чита Библијата и да посетува разни цркви.

Еден пријател, поранешен адвентист на седмиот ден, ја забележал неговата заинтересираност за христијанството и му рекол: „Ако сакаш да се приклучиш на црква, адвентистичката црква ја сведочи вистината.“

Џарендра отишол во адвентистичката црква. Тој бил трогнат од богослужението и веднаш побарал од пасторот да биде крстен. Бил уверен дека е во вистинската црква кога пасторот му одговорил:

„Можете да се крстите само откако ќе ја проучувате Библијата. Ние не крштаваме пред да се проучат библиските вистини“.

По неговото крштевање, семејство почнало да го избегнува. Но денеска е сигурен дека тогаш ја донел вистинската одлука.

„Јас сум првиот човек во моето семејство што стана христијанин“, изјавува тој.

Неговиот помлад брат го следел многу години подоцна. Тој вели дека фактите а не чувствата, го довеле до Исуса, кој е Бог над сите други богови.

„Ако го изберете христијанството или Исуса врз основа на емоции, вашето духовно патување може да заврши кога вашите чувства ќе бидат повредени. Но, ако го изберете Исуса преку логиката и принципите, вашето патување ќе трае.“

Дел од даровите на 13-тата сабота од овој месец ќе бидат употребени за изградба на шест училишта и две цркви во Индија.

Ви благодариме што планирате да приложите великодушни дарови 13-тата сабота, на 30 март.



# Радост поради животот



**Шива**

ИНДИЈА | 23 март 2024

Шива се молел само на традиционалните богови и божици во Индија. За него не постол друг начин на живот.

Тој бил изненаден кога неговата возрасна ќерка, Арати, решила да верува во друг Бог по име Исус. Шива се сомневал во овој нов Бог.

Но, престанал да се грижи кога видел позитивни промени во животот на Арата додека таа му се молела на Исуса.

Сепак, тој сѐ уште се молел само на своите богови и божици. Тој бил постар човек и не гледал потреба од овој нов Бог.

Тогаш Шива тешко паднал во својот дом. Неговата ќерка итно го однела во болница и по неколку дена го донела дома да се грижи за него. Кога разговарала со своите пријатели на телефон, Шива можел да ја слушне како се моли за неговото здравје.

По три месеци, тој целосно закрепнал. Сѐ уште постојано им се молел на своите богови и божици. Потоа повторно паднал. Овој пат бил хоспитализиран 15 дена. Имал скршеница на реброто и лекарот му препорачал целосно мирување.

Кога се вратил дома, неговото здравје почнало да се влошува.

Неговата ќерка Арати била загрижена и го однела во адвентистичкиот центар за животен стил. Под грижата на лекарите адвентисти, Шива полека почнал да ја враќа својата сила. Еден млад човек по име Марк, се грижел за Шива. Шива особено го ценел Марк. Бил многу љубезен и многу грижлив. Преку Марк, Шива за првпат ја почувствувал Исусовата љубов. Го запознал Исуса преку љубезноста на Марк.

Шива одел на богослуженија секоја сабота во текот на четирите месеци додека престојувал во центарот. Тој го запознал Исуса. Тој дознал за саботата. Научил за важноста на добрата исхрана.

Еден ден, еден проповедник кој бил гостин, во тоа место одржал проповед што го допрела срцето на Шива. Почувствувал силна желба да му го предаде своето срце на Исуса.

Но, тогаш семејните проблеми му го одвратиле вниманието од духовните работи. Тој заборавил на својата желба да живее за Исуса. Здравјето повторно почнало да се влошува.

Со помош на докторот адвентист и Марк, Шива успеал да си ја врати силата.

Тогаш Шива забележал еден образец. Секој пат кога ќе се оддалечел од Исуса, имал здравствени проблеми. Секогаш кога одел по својот пат, паѓал или се соочувал со други искушенија.

## Во врска со искуството

- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq)bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги објавите за мисијата и важните факти од Јужноазиската дивизија:bit.ly/sud-2024.
- Оваа мисионска сторија ги прикажува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединци и на семејства со помош на духовни материјали. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Рабиндранат Тагоре (1861–1941) бил бенгалски поет, писател, драматург, композитор, филозоф, социјален реформатор и сликар кој во 1913 година станал првиот неевропеец и првиот лиричар кој ја добил Нобеловата награда за литература. Неговите композиции станаа национални химни на Индија и Бангладеш.
- Се вели дека сарито датира од најмалку 3000 пр. н.е. Оние што носат сари, често ја избираат бојата на нивната облека врз основа на приликата; црвената најчесто ја носат невестите бидејќи се смета дека ја симболизира плодноста и просперитетот.
- Главен град на Индија е Њу Делхи, со население од 249.998 жители, иако поголемото урбано подрачје на Делхи има население од 28.514.000 жители.

Се вели дека играта шах потекнува од Индија пред 1.500 години, врз основа на седумвековната воена игра наречена „Чатуранга“ од северозападна Индија.

Чувствувал дека Исус не сака да го пушти да си оди по својот пат. Се чинело како Исус да го поканува да остане во Негова близина.

Во тој момент Шива решил да му го предаде своето срце на Исуса.

Ја повикал ќерка си.

„Пред да умрам утре, подобро е денес да го прифатам Исуса како мој личен Спасител “, рекол тој.

Точно 10 месеци откако првпат паднал, тој му го предал срцето на Исуса. Неговиот стар живот бил измиен во водите на покајанието. Овој 78-годишен маж излегол од водата на индиската река како ново Христово дете.

Денес, Шива повеќе не им се моли на боговите и божиците. Се моли само на небесниот Бог.

„Исус ми помогна да престанам да пушам и да пијам црн чај. Подобро сум и се чувствувам здраво, и се молам трипати на ден“.

Тој му благодари на Исуса што го одржал денес во живот.

„Благодарен сум на Исуса што ќерка ми ме доведе во адвентистичкиот центар за животен стил“, рече тој. „Во спротивно, немаше да го сретнам Исуса и да ја имам таа можност да го прифатам како мој личен Спасител.“

Ви благодариме за вашите мисионски дарови на Саботната школа, кои помагаат да се шири Исусовата љубовта меѓу луѓето во Индија и низ целиот свет.

Ви благодариме за даровите на Тринаесеттата сабота кои се наменети за проектите во Индија и Непал, кои можете да ги приложите на 30 март.

# Програма на 13-тата сабота 30 март 2023

| | |
|---|---|
| **Почетна песна** | „Бдеј и моли се до крајот верно“, песна бр. 200 од песнарката на Христијанската адвентистичка црква |
| **Добредојде** | Водачот на саботната школа |
| **Молитва** | |
| **Програма** | „Тинејџер со мисија“ |
| **Дар** | |
| **Завршна песна** | „Силно свети милост Божја“, песна бр. 216 од песнарката на Христијанската адвентистичка црква |
| **Завршна молитва** | |

*Забелешка: (Учесниците не мора да ги знаат напамет нивните делови, туку да бидат доволно запознаени со материјалот, за да не мора да читаат сè од скриптата. Вежбајте ја целокупната проглрама, за да можат учесниците да се чувствуваат пријатно и, по потреба да го нагласат она што сметаат дека е важно.)*



# Тинејџер со мисија

**Натан**

ИНДИЈА | 30 март 2024

Натан имал 6 години кога неговото семејство се вратило дома во Индија, откако служело како мисионско семејство во Либан. Тој бил мало момче и воопшто не бил заинтересиран за мисионерите или мисионерска работа.

Но, работите се промениле кога Натан имал 12 години. Тој бил фасциниран од искуствата од детските мисионски вести што ги слушал секоја сабота по богослуженијата во црква. Наскоро почнал да чита стари примероци на тримесечното списание „Мисионски вести за деца“, а понекогаш дури и на списанието „Мисионски вести за млади и возрасни“. Додека ги читал искуствата, копнеел да направи нешто за Бога.

Тој мислел: „Ако Бог може да ги употреби децата на моја возраст, па дури и помали, зошто не може да ме употреби мене за својата мисија?“

Поминала една година. Поминале две години. Поминала третата година. Натан имал 15 години и сè уште се чувствувал како да не прави ништо за Бога во мисијата.

Потоа пандемијата КОВИД-19 ја затворила Индија со месеци. Таткото на Натан бил пастор и, на барање на неговите родители, тој организирал онлајн група за проучување на Библијата за тинејџерите затворени дома за време на изолацијата. Групата на Интенет брзо пораснала на 15 тинејџери, а се приклучиле и голем број помали деца под 10-годишна возраст.

Тогаш Натан слушнал како татко му ѝ вели на мајка му: „Помалите не се вклопуваат. Групата има две различни нивоа на учење".

Додека Натан лежел во својот кревет таа ноќ, се почувствувал повикан да основа библиска група за помали деца.

За време на појадокот, тој ги споделил своите размислувања со родителите. Тие ја поздравиле идејата и го охрабриле да започне веднаш. Натан возбудено барал материјали во домашната библиотека. Решил на секој состанок да чита по една библиска приказна од книгата „Библиски приказни" од Артур Максвел и да води кратки библиски размислувања од книгата „Бог ме сака на 28 начини" од Линда Кох.

Бог ги благословил неговите напори. Наскоро, децата од околината, па дури и од други делови на Индија, се придружиле на библиската група. Секоја недела на состанокот на интернет се собирале до 12 деца.

## Да се работи повеќе

Натан уживал да ја води библиската група. Се чувствувал како Бог конечно да го употребува за мисијата. Но, тој копнеел да направи нешто повеќе.

Бидејќи ограничувањата за КОВИД-19 биле укинати околу една година подоцна, тој слушнал проповед за смртно болно девојче кое се молело за своите пријатели, соседи, па дури и за мисионерите во далечните земји. Проповедникот рекол дека малото девојче се молело само три месеци пред да умре, но нејзините молитви направиле голема разлика во животот на многу луѓе.

Натан помислил: „И јас треба да се молам. Можам да се молам за моите другари од одделението, за пријателите и за тинејџерите во моето соседство".

Наставата во адвентистичкото училиште во кое учел Натан продолжила, а многу од неговите соученици припаѓале на нехристијански религии.

Натан се прашувал за кого треба да се моли. Тој одлучил да се моли за оние кои изгледале најотворени за христијанството. Му се чинело дека тие се поплодна почва.

Тој забележал дека едно момче, Арун, уживал да пее на утринското богослужение и дека внимателно слушал за време на богослужбата. Почнал да се моли за Арун.

Еден ден му рекол на Арун: „Среќен сум што те интересираат христијанските работи. Арун широко се насмевнал."

„Сакам да ги пеам овие песни", му рекол тој. „Јас одамна го прифатив Исуса како еден од моите богови." Натан сакал да дознае повеќе.

„Зошто твоите родители го избраа ова христијанско училиште за тебе?", го прашал тој.

„Живееме на фарма на село, единствениот училиштен автобус што се

приближува до нашата куќа е адвентистичкиот школски автобус.

Овој разговор започнал посебно пријателство меѓу Натан и Арун. Секогаш кога постоела можност, Натан му кажувал за неговата љубов спрема Исуса. Тој се молел семето да вроди со плод.

**Безнадежен случај?**

Додека Натан разговарал за Исуса со Арун, друго момче, по име Цаи, со ентузијазам им кажувало на другите деца во одделението за моќта и добрината на боговите што ги обожава. Цаи бил ревносен за верата на своето семејство и секој ден носел ритуални ознаки на челото. Цаи дури разговарал со Натан за неговите богови. Натан одлучил да не се моли за Цаи.

Но еден ден, Натан свирел на клавијатура за време на црковната служба, а Цаи бил импресиониран од неговата вештина. Го пофалил Натан и го прашал дали на клавијатурите би пуштил песна од неговата религија.

Натан учтиво одговорил: „Жал ми е. Јас пуштам само христијанска музика“.

Цаи не разговарал со Натан неколку месеци. Натан продолжил да се моли за другите соученици и се радувал кога гледал како Бог ги допира нивните срца.

Потоа, еден ден Цаи дошол кај Натан и одеднаш рекол: „Научи ме на Господовата молитва.“ Натан не можел да им верува на своите уши. Цаи не изгледал како плодна почва за која вреди да се моли. Но, еве го како бара од него да ја научи Господовата молитва.

## Во врска со искуството

- Пред или по искуството, користете мапа за да ги прикажете двете земји во Јужноазиската дивизија - Индија и Непал - кои ќе го примат даротна 13-тата сабота. Картата со проектите можете да ја преземете на Facebook на bit.ly/fb-mq.
- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq)bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги објавите за мисијата и важните факти од Јужноазиската дивизија:bit.ly/sud-2024.
- Оваа мисионска сторија ги прикажува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Мисионската цел бр. 6 зборува за „зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности.“ Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да им дадат пример на другите за библискиот поглед на свет.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

Натан почнал да му сведочи за својата љубов кон Исуса на својот пријател. Како што минувало времето, тој забележал дека престанал да зборува за своите богови. Понекогаш доаѓал дури и на училиште без траги на челото.

„Нашиот Господ го водеше Цаи од противник да стане оној што трага по вистината.“

„Верувам дека нема да помине долго пред Цаи да ја открие вистината и вистината сигурно ќе го ослободи.“

Натан е убеден дека Бог го користи за својата мисија и се моли да може уште повеќе да направи за Него.

Ви благодариме за вашите денешни мисионски дарови на Саботната школа, кои ќе помогнат да се шири евангелието во Индија и Непал.

Седум од 10-те проекти на 13-тата сабота се насочени кон адвентистичките школи, како што е онаа каде што Натан и Џаи го стекнуваат своето образование.

Ви благодариме за великодушните дарови што ќе ги приложите денес. *(Приложување на даровите, придружено со инструментална музика)*

### Мисионски факти

- Западен Бенгал и Химачал Прадеш се во северноиндиската унија која има 476 цркви, 1.500 групи верници и 163.690 членови. Во популација од 716.496.000, тоа е еден адвентист на секои 4.377 луѓе.

## Идни проекти на 13. сабота

**Дарот на Тринаесеттата сабота во следното тримесечје ќе поддржи пет проекти на Евроазиската дивизија при Генералната конференција на Христијанската адвентистичка црква.**

1. Изградба на семеен центар на влијание во Ереван, Ерменија.
2. Изградба на младински центар на влијание во Минск, Белорусија.
3. Изградба на здравствен дом „Калтубо“ во Грузија.
4. Изградба на духовен и социјален центар „Салекард“ во Русија.
5. Изградба на основно училиште во Ташкент, Узбекистан.

## Мисионско катче

- **Помогнете ни да допреме до 66% од светската популација која сè уште чека да го искуси спасоносното знаење за Исус. Вашата поддршка со мисионските дарови помага да дојде до промена во животот на луѓето.**
- **За да се осигураме средствата за мисијата никогаш да не пресушуваат, посетете ја интернет страницата: Giving.AdventistMission.org.**
- **Посетете ја нашата Фејсбук страница и преземете ги дополнителните материјали за мисијата.**

# ИЗВОРИ ЗА ВОДАЧИТЕ

Не заборавајте да го преземете вашето бесплатно видео Mission Spotlight, кое содржи извештаи од Јужноазиската дивизија и пошироко. Преземете или проследете ја веб-страницата на Адвентистичката мисија на bit.ly/missionspotlight.

## Онлајн информации

Следниве извори на информации можат да бидат корисни при подготовката за вестите во саботната школа. За повеќе информации за културите и историјата на земјите претставени во ова тримесечје, посетете ги:

Веб-страниците

| | |
|---|---|
| Непал: government website | bit.ly/GovtNepal |
| Lonely Planet | bit.ly/LP_Nepal |
| National Geographic Travel | bit.ly/NatGeo_Nepal |
| Индија: government website | bit.ly/GovtIndia |
| CNN Travel | bit.ly/CNN_India |
| National Geographic Travel | bit.ly/NatGeo_India |
| Западен Бенгал | |
| Rough Guide | bit.ly/RG_WBengal |
| Химачал Прадеш | |
| Himachal Tourism Official Website | bit.ly/HimachalTourism |
| Карнатака | |
| Karnataka Tourism Official Website | bit.ly/KarnatakaTourism |
| Махараштра | |
| Lonely Planet | bit.ly/LP_Maharashtra |

Веб-страници на Адвентистичката црква

| | |
|---|---|
| АДРА Непал | bit.ly/ADRANepal |
| Издавачка куќа Oriental Watchman | bit.ly/FB_OWPH |
| Адвентистичкиот уиверзитет Спајсер | bit.ly/SDA_SpicerAU |
| Адвентистичка болница „Пуне“. | bit.ly/SDA_PuneAH |
| Адвентистички медиумски центар-Индија | bit.ly/SDA_AMCAWR |

АДВЕНТИСТИЧКА МИСИЈА

**ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА 1/2024**

**Вести од светот**

**Излегува тримесечно**

**Издава:**
Управниот одбор на Христијанската адвентистичка црква во Р. Македонија

**Превод и техничка подготовка:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Томе Трајков

**Адреса:**
„Влае“ бр. 42
1000 Скопје

tometrajkov@gmail.com
www.adventisti.mk

ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА

Ќе помогне вниманието да се фокусира на светската мисија и да се зголеми седмичното мисионско дарување. Сосредоточете го своето внимание на светската мисија и зголемете ги седмичните мисионски дарувања. Побарајте од вашиот Одбор на саботната школа да ја постави целта за вашите мисионски дарувања. (Поставете повисока цел од онаа што била за минатото тримесечје, поделете ја сумата на 14 делови – (12 редовни тримесечни делови и два дела за тринаесеттата сабота). Покажете го неделниот графикон на напредок кон поставената тримесечна цел. Потсетете ги верниците исто така дека активностите на светската црква зависат од седмичните мисионски дарови на саботната школа. Дванаесеттата сабота поднесете извештај за мисионскиот дар собран во текот на тримесечјето и потсетете ги членовите на саботната школа да ги приготват своите дарови на тринаесеттата сабота за наредната седмица. Оваа информација за собраните средства мнозина ќе охрабрат да продолжат да ги приложуваат своите мисионски дарувања.

## ЈУЖНОАЗИСКА ДИВИЗИЈА

| УНИИ | ЦРКВИ | ЧЛЕНОВИ | ЖИТЕЛИ |
|---|---|---|---|
| Источноцентрална Индија | 2,595 | 575,200 | 132,275,131 |
| Североисточна Индија | 224 | 54,065 | 49,974,819 |
| Северна Индија | 474 | 161,389 | 819,854,211 |
| Југоцентрална Индија | 256 | 65,588 | 73,613,446 |
| Југоисточна Индија | 488 | 131,838 | 81,938,520 |
| Југозападна Индија | 240 | 37,551 | 32,250,759 |
| Западна Индија | 257 | 107,177 | 202,668,440 |
| **ДОДАДЕНИ ПОЛИЊА** | | | |
| Областа на Андаман и Никобар островите | 1 | 295 | 434,675 |
| Источно хималајско поле | 14 | 893 | 756,000 |
| Хималајска област | 26 | 9,350 | 30,369,000 |
| Малдиви (не е вклучено во ниту едно поле) | 0 | 0 | 543,000 |
| **ВКУПНО** | **4,575** | **1,143,346** | **1,424,678,000** |

## ПРОЕКТИ

1. Гимназија, Аурангабад, Индија
2. Школа, Ани, Индија
3. Школа, Палакад, Индија
4. Англиска црква, Адвентистички колеџ Ловри, Бенгалуру, Индија
5. Централноанглиска Црква, Бенгалуру, Индија
6. Школа, Танџавур, Индија
7. Младински центар за обука, Мангинапуди, Индија
8. Школа, општина Гади, Удајапур, Непал
9. Школа, Пасигат, Индија
10. Школа, Намунагхар, Андамански острови, Индија

